Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.05/2002), член 23 став 3 од Закон за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20) и член 19 став 2 точка 43 од Статутот на Општина Берово (Службен гласник на Општина Берово бр.13/02,18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 I 30/23 ), Советот на Општина Берово на 39-та седница одржана на 20.12.2023 година донесе:

# ОДЛУКА

## за продолжување на работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово за 2024 година

### Член 1

Со оваа одлука, Советот на Општина Берово го продолжува работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово, во согласност со годишните програми на Општина Берово за 2024 година.

### Член 2

Советот на Општина Берово го продолжува работното време на угостителските објекти од Член 23 од Закон за угостителската дејност, со времетраење од 1 час за деновите:

- 5-ти јануари;
- 23-ти мај;
- 6-ти и 7-ми септември;
- 10-ти, 11-ти и 12 октомври;
- 6-ти и 7-ми декември.

Советот на Општина Берово го продолжува работното време на угостителските објекти од Член 23 од Закон за угостителската дејност, со времетраење од 2 часа за деновите:

- 6-ми и 7-ми јануари;
- 19-ти и 20-ти јануари;
- 30 април;
- 4-ти и 5-ти мај;
- 1-ви, 2-ри и 3-ти август;
- 23-ти, 24-ти и 25-ти август;
- 27 август;
- 8-ми септември;
- 22 октомври;
- 8-ми декември.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Берово".

Број 09-4836/1
20.12.2023 година
Берово

Совет на Општина Берово
Претседател
Марија Буровска